СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 30 април 1999
Скопје
Број 25 Год. LV

Аконтацијата за 1999 година изнесува 7.500 денари. Овој број чини 100 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

805.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 април 1999 година.

Број 07-1721/1
29 април 1999 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

Член 1

Во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија“ број 38/93, 48/93 и 21/98), во членот 1 став 2 зборовите: „како и со“ се бришат, а по зборовите: „Законот за претпријатијата“ се додаваат зборовите: „и со Законот за трговските друштва“.

Ставот 3 се брише.

Член 2

Во членот 5 ставот 1 се брише.

Член 3

Во членот 8 зборовите: „трансформација на претпријатијата со општествен капитал“ се заменуваат со зборот „приватизација“.

Член 4

Во членот 9 став 1 зборовите: „во почетниот биланс“ се бришат.

Во ставот 3 зборовите: „според средниот пазарен курс на датумот на извршувањето на проценатa“ се заменуваат со зборовите: „според средниот девизен курс на Народната банка на Република Македонија на датумот на проценатa“.

Член 5

Во членот 10 сврзникот „и“ се заменува со зборовите „или со“.

Член 6

Во членот 11 став 4, член 20, член 46, член 79 и член 100 зборовите: „судски регистар“ се заменуваат со зборовите: „соодветниот регистар“.

Член 7

Во членот 12 ставови 1 и 2 по зборот „што“ се додаваат зборовите: „на датумот на проценатa“.

Во ставовите 1 и 2 во точката в) зборовите: „деловната активa“ се заменуваат со зборовите: „активата (средствата) намалена за загубата“.

Член 8

Во членот 15 став 4, член 16 ставови 1, 2, 4 и 5, член 17, член 75 ставови 1, 2, 3 и 4, член 77 ставови 1, 2 и 3, член 98, член 105 став 2 и член 115 зборовите: „трансформација на претпријатијата со општествен капитал“ се заменуваат со зборот „приватизација“.

Член 9

Во членот 16 став 2 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен ако со овој закон поинаку не е определено“.

Член 10

Во членот 18-а во ставот 1 зборовите: „што се трансформираат“ се заменуваат со зборовите: „што извршиле трансформација“.

Член 11

Членот 18-б се менува и гласи:

„Приоритетните акции од членот 18-а став 2 не се кумулативни и на Агенцијата и даваат право на:

– дивиденда од најмалку 2% годишно и сразмерно учество во дивидендата ако на обичните акции им се исплатува дивиденда над овој износ и

– сразмерен дел од остатокот на имотот по исплатата на доверителите ако над претпријатието е спроведен стечај или ликвидација.“

Член 12

Во членот 19 став 2 алинеја 2 во првиот ред зборот „фиксна“ се брише, а по зборот „од“ се додава зборот „најмалку“.

По ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Приоритетните акции од став 1 на овој член не се кумулативни.“

Член 13

По членот 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

„Член 19-а

Агенцијата може врз основа на договор да врши продажба на акциите, односно уделите на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување заедно со акциите и уделите што и се пренесени на Агенцијата.

Средствата остварени од продажбата на акциите, односно уделите на Фондот, се приход на Фондот, наменети за трошоците сврзани за продажбата.“

Член 14

Во членот 22 став 1 точка б) се менува и гласи:

„б) депонирани девизни влогови на граѓани.“

По точката в) се додаваат две нови точки г) и д) кои гласат:

„г) хартии од вредност издадени од Република Македонија и

д) странска конвертибилна валута кога акциите, односно уделите се продаваат на странско лице."

Член 15

Во членот 23 став 4 по зборовите: „не може" се додаваат зборовите: „посредно или непосредно".

Член 16

Во членот 26 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За запишаните неотплатени акции, односно удели купени под повластени услови, ако се платат во готово и во целост, субјектите од членот 25 на овој закон, имаат право на дополнителен попуст од 50% од износот кој треба да се плати."

Член 17

Во членот 27 ставот 1 се менува и гласи:

„Акциите, односно уделите во висина на проценетата вредност на објектите на општествениот стандард (одморалишта, рекреативни центри и слично) се продаваат со основен попуст од 50% од номиналната вредност, зголемен за 1% за секоја полна година работен стаж во претпријатието."

Член 18

Членот 28 се менува и гласи:

„Акциите од членовите 26 и 27 на овој закон се обични акции.

Акциите, односно уделите од членовите 26 и 27 на овој закон се со рок на отплата од 60 месечни рати, со грејс период од две години од денот на нивното запишување.

За акциите, односно уделите од став 2 на овој член претпријатието на имателите им издава потврда за привремени акции, односно удели.

Корисникот на попустот од членот 25 на овој закон го губи правото на отплата на запишаните акции со попуст, доколку не уплатил две рати едноподруго или три рати со прекин во текот на шест месеци.

Неотплатените акции, односно удели од став 2 на овој член се пренесуваат на Агенцијата како обични, која ги продава под услови утврдени со овој закон."

Член 19

По членот 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

„Член 28-а

Ако претпријатието во рок од 30 дена од денот кога имателот на привремените акции го изгубил правото на отплата на запишаните акции, односно удели од член 28 став 2 на овој закон, неотплатените акции односно удели не и ги пренело на Агенцијата, овие акции односно удели ја губат својата правна сила за имателот и стануваат акции, односно удели на Агенцијата, што со одлука го констатира Агенцијата.

Врз основа на одлуката од став 1 на овој член, Агенцијата издава потврда за акциите односно потврда за удели кои гласат на Агенцијата."

Член 20

Во членот 31 зборовите: „со трансформацијата" се бришат.

Член 21

Во членот 38 став 3 се менува и гласи:

„Врз основа на правосилна одлука според прописите за денационализација со која е уважено барањето на сопственикот, Агенцијата му ги предава на сопственикот акциите, уделите, дивидендата, недвижниот имот, како и закупнината и другите погодности намалени за трошоците."

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Ако барањето од став 3 на овој член не е уважено недвижниот имот, односно акциите и уделите, Агенцијата ги продава според одредбите на овој закон."

Член 22

Членот 39 се брише.

Член 23

Во членот 40 зборовите: „со продажба на претпријатијата" се заменуваат со зборовите: „согласно со овој закон".

Член 24

Во членот 50 став 1 по зборот „наддавање" точката се брише и се додаваат зборовите: „доколку понудите на сите понудувачи заедно го надминуваат процентот на идеалниот дел кој се продава".

Член 25

Членот 51 се менува и гласи:

„Ако идеалниот дел на претпријатието не биде продаден по јавниот повик, продажбата може да се изврши со непосредна спогодба."

Член 26

Во членот 52 став 1 по зборовите: „продажба на" се додаваат зборовите: „идеален дел на".

Член 27

Членот 54 се брише.

Член 28

Во членот 58 став 3 зборовите: „општествен капитал" се заменуваат со зборот „претпријатието".

Член 29

Во членот 58-а став 1 зборовите: „на рати" се бришат.

Во ставот 2 по зборот „години" точката се брише и се додаваат зборовите: „во еднакви годишни рати".

Член 30

Во членот 62 ставот 1 се менува и гласи:

„Лицата кои го преземаат управувањето се должни да откупат најмалку 51% од проценетата вредност на капиталот на претпријатието во рок кој не може да биде подолг од пет години, при што учеството во моментот на склучување на договорот да не биде помало од 20%."

Ставот 4 се брише.

Член 31

Во членот 64 ставовите 3 и 6 се менуваат и гласат:

„Ако претпријатието со годишната сметка покаже загуба како последица на управување со претпријатието спротивно на договорот, како и на несоодветното управување на лицата кои го презеле управувањето со претпријатието, односно загубата е последица на непостапување како добар стопанственик и со внимание на стручно лице, загубата солидарно ја покриваат лицата кои го презеле управувањето.

Заради обезбедување на обврските од ставот 3 на овој член, лицата кои го преземаат управувањето со претпријатието должни се да засноваат заложно право врз својот имот сразмерно на вредноста на акциите што ги откупуваат."

По ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Залогот од став 6 на овој член, може да го даде и трето лице."

Член 32

Во членот 66 став 2 по зборовите: „приоритетни акции" се додаваат зборовите: „кои пред продажбата се претвораат во обични".

Член 33

Во членот 67 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„За откуп на акциите издадени по основа на општествен капитал, согласно со договорот од став 1 на овој член, купувачите имаат право на попуст од 30% во случај на плаќање одеднаш на сите неплатени акции.

Имателите на обични акции по основа на дополнително вложување дивидендата можат да ја користат само за откуп на акциите од став 1 на овој член."

Ставот 2 се брише.

Член 34

Во членот 78 ставовите 1 и 2 се заменуваат со три нови става 1, 2 и 3 кои гласат:

„Со влегување во сила на договорот за продажба на сите средства, претпријатието престанува да постои.

Агенцијата го огласува престанувањето на претпријатието од став 1 на овој член во „Службен весник на Република Македонија".

Со денот на влегувањето во сила на договорот за продажба на сите средства, на вработените во претпријатието им престанува работниот однос."

Ставот 3 станува став 4.

Член 35

Во членот 80 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Предлогот од став 1 на овој член може да го поднесе и Агенцијата."

Ставот 2 станува став 3.

Член 36

Во членот 81 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„На програмата за финансиска и сопственичка трансформација согласност дава Агенцијата, ако во постојната структура на капиталот на претпријатието учествува со повеќе од 50%."

Член 37

Во членот 82 став 1 зборот „На" се заменува со зборовите: „По добиената согласност од Агенцијата на".

Во ставот 2 зборовите: „и кога тоа ќе го одобри стечајниот совет" се бришат.

Во ставот 4 зборовите: „Принудното поранмување" се заменуваат со зборот „Поранмувањето".

Член 38

По главата VI се додава нова глава VI-а со четири нови членови 86-а, 86-б, 86-в и 86-г, кои гласат:

„VI-а ПРОДАЖБА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 86-а

Со непосредна спогодба се продава идеален дел од претпријатието.

Под идеален дел од став 1 на овој член, се смета било кој дел од главнината од претпријатието изразена во акции, односно удели.

Со непосредна спогодба се продаваат претпријатијата предвидени во Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби („Службен весник на Република Македонија" број 2/95 и 65/95) и други претпријатија за кои постои интерес за купување од страна на стратешки инвеститор (во натамошниот текст: инвеститор).

Стратешки инвеститор во смисла на овој закон е купувачот на идеален дел од претпријатието што го определува Владата на Република Македонија по предлог на Агенцијата.

Член 86-б

Инвеститорот изготвува програма за откуп на идеалниот дел и развој на претпријатието.

Врз основа на програмата од став 1 на овој член Агенцијата донесува одлука за продажба која заедно со програмата ја доставува до Комисијата на Владата на Република Македонија за приватизација.

Комисијата во рок од 15 дена донесува решение.

Член 86-в

По добивањето на решението за давање согласност за продажба на идеален дел од претпријатието од член 86-а на овој закон, Агенцијата и инвеститорот склучуваат договор.

Во договорот од став 1 на овој член особено се определува големината на идеалниот дел, бројот на купените акции, односно уделот, номиналната вредност на акциите, односно уделот, вкупната цена на идеалниот дел од претпријатието определена сразмерно на неговото учество во проценетата вредност на претпријатието, рокот на плаќање и слично.

Член 86-г

Во случај кога е продаден идеален дел од претпријатието кој е помал од 51% од главнината на претпријатието, одлуката за организирање на претпријатието како акционерско друштво, односно друштво со ограничена одговорност ја донесува купувачот во согласност со Агенцијата.

Кога во идеалниот дел кој се продава има и државен капитал договорот за продажба на идеалниот дел од претпријатието го потпишуваат директорот на Агенцијата, министерот за финансии и инвеститорот."

Член 39

Во членот 88 став 3 зборовите: „од редот на компетентни стручњаци" се бришат.

Член 40

Во членот 89 став 1 зборот „и" се заменува со запирка, а по зборот „контролата" се додаваат зборовите: „и спроведувањето".

Во ставот 4 зборовите: „деловите од" се заменуваат со зборовите: „имотот на", а зборот „кои" со зборот „кој".

Член 41

Во членот 89-а ставот 1 се менува и гласи:

„Средствата (објекти, машини и друга опрема, влогови во други правни субјекти и друго), кои не се опфатени во постапката за трансформација или се напуштени од страна на трансформираното претпријатие, се пренесуваат на Агенцијата."

Член 42

Во членот 95 ставот 1 се менува и гласи:

„Акциите и уделите издадени на Агенцијата согласно со одредбите на овој закон, Агенцијата ги става на продажба."

Ставот 3 се брише.

Член 43

Во членот 96 се додава нов став 2, кој гласи:

„Уделот кој го продава Агенцијата е делив."

Член 44

Во членот 100 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Претпријатието е должно на барање на акционерот, односно содружникот да му издаде потврда во која ќе ги наведе сите промени на бројот и номиналната вредност на акциите, односно уделот од нивното издавање, односно запишување, до денот на завршувањето на постапката на трансформација, како и основата за тие промени."

Член 45

По членот 100 се додава нов член 100-а, кој гласи:

„Член 100-а

Во случај кога општествениот капитал во претпријатијата кои во постапката за трансформација вршат статусни промени, нема да биде откупен делумно или целосно, односно трансформацијата нема да биде реализирана на начин и под услови утврдени со овој закон, деловите на претпријатијата во кои е завршена трансформацијата и со поделбата се организирале како акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност се запишуваат во соодветниот регистар.

За деловите на претпријатијата од став 1 на овој член кои со поделбата треба да се организираат како акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност, односно акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност кои треба да настанат со припојување или спојување за неоткупениот општествен капитал од претпријатието на Агенцијата и се издаваат обични акции, односно удел, и по донесувањето на одлуката за организирање во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност од страна на Управниот одбор на Агенцијата се запишуваат во трговскиот регистар, а претпријатието се брише од регистарот.

Ако акционерското друштво или друштво со ограничена одговорност од став 2 на овој член, во рок од 15 дена по донесувањето на одлуката од страна на Управниот одбор на Агенцијата не и издаде обични акции, односно удел истите акции, односно уделот стануваат акции, односно удел на Агенцијата што со одлука го констатира Агенцијата.

Врз основа на одлука од ставот 3 на овој член, Агенцијата издава потврда за акциите, односно потврда за уделот кои гласат на Агенцијата.

При организирањето на деловите на претпријатието од став 2 на овој член во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност, соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на утврдувањето на вредноста, издавањето на акции, односно удел на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување, правото на купување акции, односно удели под повластени услови и одредбите кои се однесуваат на заштитата на правата на поранешните сопственици и нивните наследници.“

Член 46

Во членот 101 став 1 точката 4) се брише.

По точката 7) се додава нова точка 7-а) која гласи:

„7-а) претпријатието не и издаде односно не и ги пренесе акциите, односно уделите на Агенцијата (член 28-а и член 100-а)“.

По точката 10) се додава нова точка 10-а) која гласи:

„10-а) склучи договор за продажба, закуп, лизинг, франшизинг или за друг облик на располагање и продажба на општествениот капитал или имот без согласност на Агенцијата кога тоа е предвидено со овој закон (член 94 и 111)“.

Точката 10-а) станува 10-б).

По точката 10-б) се додава нова точка 10-в) која гласи:

„10-в) не издаде потврда во која ќе ги наведе сите промени на бројот и номиналната вредност на акциите, односно уделот (член 100 став 5)“.

Во точката 10-б која станува точка 10-г бројот „5“ се заменува со бројот „4“.

Член 47

Доколку со влегувањето во сила на овој закон е засновано заложно право на градежни објекти и други основни средства без согласност на Агенцијата при нивната продажба во постапката за наплата на доспеаните побарувања Агенцијата не дава согласност.

Член 48

Претпријатијата кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не ја отпочнале постапката за трансформација, должни се во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон да се организираат како акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност.

Претпријатијата кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ја отпочнале постапката за трансформација, односно ја доставиле документацијата до Агенцијата, ќе се организираат како акционерско друштво, односно друштво со ограничена одговорност доколку во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон трансформацијата нема да биде реализирана на начин и под условите утврдени со овој закон.

Член 49

Претпријатијата за кои во постапката на трансформацијата во стечај не е донесено правосилно решение за давање согласност за отпочнување на постапката за трансформација до денот на влегување во сила на овој закон, ќе се организираат и запишат во трговскиот регистар како акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност, по запирањето на стечајната постапка.

Решението за организирање на претпријатието во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност и за запирање на стечајната постапка го донесува стечајниот совет.

Член 50

Претпријатијата за кои во постапката на трансформација во стечај е донесено правосилно решение за давање на согласност за отпочнување на постапката за трансформација ќе се организираат како акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност, доколку во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, трансформацијата определена со решението нема да биде реализирана на начин и под услови утврдени со овој закон.

Член 51

При организирањето на претпријатијата од членовите 48, 49 и 50 на овој закон во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност, соодветно се применуваат одредбите од членот 100-а на овој закон.

При организирањето на претпријатијата од членот 50 на овој закон, соодветно ќе се применуваат и одредбите за трансформација на претпријатие во стечај.

Член 52

Доколку постои основано сомневање дека во постапката по трансформација на општествениот капитал се извршени битни повреди на овој закон што резултира со оштетување на општествениот капитал во претпријатијата или од нив зависни или поврзани претпријатија, кои за времето од 29 јуни 1993 година до влегувањето во сила на овој закон на кој и да било начин се трансформирале или реорганизирале или извршиле статусна промена (спојување, припојување или поделба), при што е пренесуван општествен капитал или основале или пак вложувале во нови претпријатија или на друг начин пренесувале, или отуѓувале општествен капитал или одделни деловни функции на други претпријатија, се врши финансиска, сметководствена и правна контрола на законитоста и правилноста на спроведувањето на постапката.

Контролата од став 1 на овој член се врши и во случај и кога постои сомневање дека е оштетен општествениот капитал со кои управува Агенцијата и трајниот влог на Република Македонија.

Контролата од ставовите 1 и 2 на овој член ја вршат Министерството за финансии и овластени правни и физички лица од Министерството за финансии.

Контролата се врши по барање на јавниот правобранител, јавниот обвинител, инспекциски орган и Агенцијата.

Барањето од став 4 на овој член Агенцијата го доставува до Министерството за финансии и овластени правни и физички лица од Министерството за финансии.

Претпријатијата од став 1 на овој член должни се во текот на контролата да им поднесат на надлежните органи извештај со приказ на постапките и документите за располагање со општествениот капитал.

По извршената контрола се составува записник со наод и мислење и истиот се доставува до Агенцијата, јавниот правобранител и јавниот обвинител на нивна надлежност.

Агенцијата, јавниот правобранител и јавниот обвинител по добиениот извештај од извршената контрола можат да побараат и дополнителна контрола за недоволно јасни состојби.

Ако со контролата се оцени дека е оштетен општествениот капитал јавниот правобранител покренува соодветна постапка за поништување или за утврдување на неважноста на одделни акти или договори склучени на штета на општествениот капитал.

Член 53

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 54

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

806.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 април 1999 година.

Број 07-1722/1
29 април 1999 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ ВО ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Член 1

Во Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата („Службен весник на Република Македонија" број 37/96), во насловот зборовите: „во претпријатијата" се бришат.

Член 2

Во членовите 1, 2 во третиот ред, 3 и 4 по зборот „претпријатијата" се додаваат зборовите: „односно трговските друштва".

Член 3

Во членот 2 по ставот 1 се додаваат три нови става 2, 3 и 4 кои гласат:

„Под државен капитал во смисла на овој закон се сметаат и побарувањата на Република Македонија, кои се претворени или ќе се претворат во траен влог во претпријатијата, односно трговските друштва и трајниот влог на јавните претпријатија основани од Република Македонија согласно со Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби („Службен весник на Република Македонија" број 2/95 и 65/95).

Одлука за претворање на побарувањата од став 2 на овој член во траен влог, донесува Владата на Република Македонија.

Одредбите на овој закон не се применуваат на јавните претпријатија основани од Република Македонија и во трговските друштва основани од овие претпријатија."

Член 4

Во членот 4 зборовите: „Министерство за финансии" се заменуваат со зборовите: „Агенција на Република Македонија за приватизација (во натамошниот текст: Агенција)."

Член 5

Во членот 5 став 1 по зборот „управува" се додаваат зборовите: „и располага".

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„Остварувањето на правата од став 1 на овој член Владата на Република Македонија ги врши преку Комисијата на Владата на Република Македонија за приватизација (во натамошниот текст: Комисија за приватизација).

Комисијата за приватизација според овој закон ги има следниве надлежности:

– го предлага начинот на продажба на акциите и уделите стекнати по основа на државниот капитал, одделно и заедно со акциите и уделите издадени на Агенцијата;

– води преговори со заинтересирани стратешки инвеститори при продажбата на акциите и уделите стекнати по основа на државен капитал одделно и заедно со акциите и уделите издадени на Агенцијата;

– ѝ предлага на Владата на Република Македонија избор на најповолен стратешки инвеститор врз основа на претходно утврдени критериуми од страна на Владата на Република Македонија кога продажбата се врши преку непосредна спогодба;

– ѝ предлага на Владата на Република Македонија да именува претставници во претпријатија, односно друштва во кои има акции и удели стекнати по основа на државен капитал, како и акциите и уделите издадени на Агенцијата и

– врши други работи утврдени со овој и друг закон."

Ставот 2 станува став 4 се менува и гласи:

„Стручните и административни работи за потребите на Комисијата од ставот 2 на овој член ги врши Агенцијата."

Член 6

Членот 6 се брише.

Член 7

Во членот 8 зборовите: „понудување на мнозински (управувачки) пакет на акции, односно удели" се заме-

нуваат со зборовите: „реализација на избраниот модел на трансформација.“

Член 8

Членот 9 се менува и гласи:

„Државниот капитал изразен во акции може да се продава одделно и во пакет со акциите издадени на Агенцијата, и тоа:

– преку берзата за долгорочни хартии од вредност и

– преку непосредна спогодба со заинтересирани стратешки инвеститори.

Државниот капитал изразен во удели може да се продава одделно или во пакет со уделите издадени на Агенцијата, и тоа:

– преку непосредна спогодба со објавување на јавен повик за прибирање на понуди за изрази на интерес и

– преку непосредна спогодба со заинтересирани стратешки инвеститори.

Одлуката за продажба преку непосредна спогодба со заинтересиран стратешки инвеститор ја донесува Владата на Република Македонија.

Постапката за приватизација, односно продажбата преку берза, како и продажбата на уделите преку јавен повик за прибирање на понуди за израз на интерес ја спроведува Агенцијата.

Договорите за продажба на акциите преку берза и договорите за продажба на уделите преку јавен повик за прибирање на понуди за израз на интерес во името на Владата на Република Македонија, ги склучува директорот на Агенцијата.

Договорот за продажба на акциите преку непосредна спогодба со заинтересиран стратешки инвеститор го склучува министерот за финансии.“

Член 9

Членот 10 се брише.

Член 10

Во членот 12 по зборот „начинот“ се става запирка и се додава зборот „условите“, а зборовите: „и плаќањето“ се бришат.

Член 11

Членот 13 се менува и гласи:

„Акциите и уделите предмет на продажба согласно со овој закон се изразуваат во ДЕМ, а се плаќаат со:

– денари;

– странска валута кога купувачот е странско лице;

– депонирани девизни влогови на граѓаните и

– хартии од вредност, издадени од Република Македонија.“

Член 12

Членовите 14 и 16 се бришат.

Член 13

Во членот 18 став 2 зборовите: „во рок од 30 дена по завршувањето на постапката за трансформација“ се заменуваат со зборовите: „пред запишувањето на трансформацијата во трговскиот, односно судскиот регистар.“

Член 14

Во членот 20 став 1 зборовите: „од 100 до 200 плати“ се заменуваат со зборовите: „од 200.000 до 250.000 денари“, а зборовите: „стопански престап“ се заменуваат со зборот „прекршок“.

Во ставот 2 зборовите: „од пет до осум плати“ се заменуваат со зборовите „од 35.000 до 40.000 денари“, а зборовите „стопански престап“ се заменуваат со зборот „прекршок“.

Член 15

По членот 21 се додава нов член 21-а, кој гласи:

„Член 21-а

Постапките за продажба на акциите, односно уделите за кои не е склучен договор ќе продолжат по овој закон.“

Член 16

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата.

Член 17

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

807.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ЗАДРУГИТЕ СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ КОИ СТОПАНИСУВААТ СО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделското земјиште,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 април 1999 година.

Број 07-1723/1
29 април 1999 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ЗАДРУГИТЕ СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ КОИ СТОПАНИСУВААТ СО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Во Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 19/96), во член 8 зборовите „општествениот капитал“ се заменуваат со зборовите: „претпријатието, односно земјоделската задруга“.

Член 2

Членовите 9, 10 и 16 се бришат.

Член 3

Во членовите 17 и 19 став 1 зборот „долгорочен" се брише.

Член 4

Во членот 18 став 1 зборовите: „До донесување на закон со кој ќе се уреди давањето на земјоделското земјиште под закуп, договорот" се заменуваат со зборот „Договорот".

Во ставот 2 алинеја 3 зборот „пократок" се заменува со зборот „подолг", а во алинеја 4 зборот „пет" се заменува со зборот „четири".

Член 5

Претпријатијата кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не ја отпочнале постапката за трансформација должни се во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон да се организираат како акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност.

Претпријатијата кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ја отпочнале постапката за трансформација, односно ја доставиле документацијата до Агенцијата ќе се организираат како акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност доколку во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон трансформацијата нема да биде реализирана на начин и под услови утврдени со овој закон.

Член 6

Претпријатијата за кои во постапката на трансформација во стечај не е донесено правосилно решение за давање на согласност за отпочнување на постапката за трансформација до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се организираат и запишат во трговскиот регистар како акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност, по запирањето на стечајната постапка.

Решението за организирање на претпријатието во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност и за запирање на стечајната постапка го донесува стечајниот совет.

Член 7

Претпријатијата за кои во постапката на трансформација во стечај е донесено правосилно решение за давање на согласност за отпочнување на постапката за трансформација до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се организираат како акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност ако во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, трансформацијата определена со решението нема да биде реализирана на начин и под услови утврдени со овој закон.

Член 8

При организирање на претпријатијата од членовите 8, 9 и 10 на овој закон во акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност, соодветно се применуваат одредбите од членот 100-а на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

При организирање на претпријатијата од членот 10 на овој закон, соодветно ќе се применуваат одредбите за трансформација на претпријатие во стечај.

Член 9

Доколку постои основано сомневање дека во постапката за трансформација на претпријатијата и задругите со општествениот капитал се извршени битни повреди на овој закон што резултира со оштетување на општествениот капитал, трајните влогови на Република Македонија и општествениот капитал со кој управува Агенцијата, во претпријатијата односно задругите, кои за времето од 29 јуни 1993 година до влегување во сила на овој закон на кои и да било начин се трансформирале или реорганизирале, или извршиле статусна промена (спојување, припојување или поделба), при што е пренесуван општествен капитал или основале, или пак вложувале во нови претпријатија или на друг начин пренесувале, или отуѓувале општествен капитал или одделни деловни функции на други претпријатија, се врши финансиска, сметководствена и правна контрола на законитоста и правилноста на спроведувањето на постапката.

При контролата од став 1 на овој член соодветно се применува член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 10

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал кои стопанисуваат со земјоделското земјиште.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

808.

Врз основа на член 6, став 1 од Законот за приватизација на државниот капитал во претпријатијата („Службен весник на РМ" бр. 37/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.04.1999 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРОДАЖБА НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ ВО ОКТА - РАФИНЕРИЈА ЗА НАФТА - АД - СКОПЈЕ

Член 1

Да се изврши продажба на државниот капитал, во износ од 16.460.000 ДЕМ., денарска противвредност.

Член 2

Продажбата на државниот капитал да се изврши по избраниот модел, согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-2302/1
30 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

809.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96), а во врска со член 2 од Одлуката за преземање на вршењето на комуналните дејности во општините Кичево и Другово („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1999 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ „КОМУНАЛЕЦ" – КИЧЕВО

1. За членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" – Кичево, се именуваат:

– Јадранка Вељановска, дипл. правник, секретар на Советот на општина Другово,

– Илија Китаноски, директор на ЈВП „Водостопанство на Македонија" – Скопје,

– Снежана Миноска, дипл. економист, директор на Економско правно биро „Кодекс" – Кичево,

– Ферит Рамадани, дипл. економист, раководител на Стручна служба во општина Зајас,

– Добре Цветаноски, дипл. економист, директор на Управата за приходи – П.Е. Кичево.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1676/1
23 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

810.

Врз основа на член 169 став 1 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/97, 15/97 и 11/99), и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6 април 1999 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. Од должноста претседател и членови на Комисијата за хартии од вредност се разрешуваат:

а) претседателот:

– д-р Владимир Кандикјан,

б) членовите:

– д-р Љубе Трпески,

– Владимир Наумовски,

– д-р Драгољуб Арсовски,

– Бошко Стефановски,

– д-р Весна Пендовска,

– Љупчо Ковчегарски.

2. За претседател и членови на Комисијата за хартии од вредност се именуваат:

а) за претседател:

– м-р Борис Стојменов, министер за финансии

б) за членови:

– д-р Глигор Бишев, заменик на гувернерот на Народна банка на Република Македонија,

– Никола Груевски, министер за трговија,

– Марјан Ѓорчев, директор на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал,

– Зекирија Касами, дипл. економист,

– Сашо Митров, директор на приватна фирма „Ал Импекс" Скопје,

– м-р Методија Тошевски, директор на „Алмако – банка" – АД Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1968/1
6 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

811.

Врз основа на член 100 став 2 и член 35 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1999 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЛАДИНСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

1. За претседател и членови на Управниот одбор на Младинскиот културен центар – Скопје се именуваат:

а) за претседател:

– Михаил Пановски, помошник на директорот на ЈП за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија „Електростопанство на Македонија" – Скопје,

б) за членови:

– Јован Сиљановски, директор на ЈП за станбен и деловен простор на Република Македонија,

– Јадранка Костова, новинар.

Од редот на вработените на Центарот:

– Миле Младеновски, уредник на проект,

– Ѓоре Ценев, уредник на проект.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1848/2
13 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

812.

Врз основа на член 100 став 2 и член 35 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1999 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФИЛМОВИ „ВАРДАР – ФИЛМ" – СКОПЈЕ

1. За претседател и членови на Управниот одбор на РО за производство на филмови „Вардар – филм" – Скопје се именуваат:

а) за претседател:
– Столе Попов, режисер и професор на Факултетот за драмски уметности – Скопје,
б) за членови:
– Владимир Блажевски, професор на Факултетот за драмски уметности – Скопје,
– Весна Масловариќ, в.д. директор на Кинотека на Македонија.
Од редот на вработените на Работната организација
– Владимир Самоиловски, директор на фотографија и снимател,
– Румен Ќамилов, инженер – одговорен за филмска техника.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1873/2
13 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

813.

Врз основа на член 100 став 2 и член 35 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1999 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАВОДОТ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА НА НАРОДЕН МУЗЕЈ – ОХРИД

1. За претседател и членови на Управниот одбор на Заводот за заштита на спомениците на културата и Народен музеј – Охрид се именуваат:
а) за претседател:
– Ѓорѓи Хаџиев, дипл. инж. арх., вработен во ЈП за просторни и урбанистички планови – Подружница Охрид,
б) за членови:
– д-р Михајло Георгиевски, пратеник во Собранието на Република Македонија,
– Драгиша Здравковски, археолог виш кустос во Музејот на Македонија – Археолошки, Етнолошки и Историски – Скопје,
Од редот на вработените во Заводот,
– Мирка Илоска, дипл. инж. арх.; виш конзерватор во Заводот,
– Јорданка Матова, дипл. историчар на уметноста, виш кустос во Заводот.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1933/2
13 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

814.

Врз основа на член 100 став 2 и член 35 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1999 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТРУШКИТЕ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА – СТРУГА

1. За претседател и членови на Управниот одбор на Струшките вечери на поезијата – Струга се именуваат:
а) за претседател:
– Братислав Ташковски, поет
б) за членови:
– Паскал Гилевски, писател,
– Јован Котески, поет,
– Блаже Миневски, писател,
– Ресул Шабани, поет.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1934/2
13 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

815.

Врз основа на член 100 став 2 и член 35 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1999 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" – СТРУГА

1. За претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата се именуваат:
а) за претседател:
– Ромео Деребан, дипл. правник, директор на Управата за јавни приходи – ПЕ – Струга,
б) за членови:
– Димитрија Дурацоски, писател, вработен во Народниот музеј „Д-р Никола Незлобински" – Струга,
– Јулијана Ликоска, професор во ОУ „Јосип Броз Тито" – Струга.
– Од редот на вработените:
– Јанкула Дејкоски, секретар на Домот,
– Зоран Блажески, кино-апаратер во Домот.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1935/2
13 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

816.

Врз основа на член 100 став 2 и член 35 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1999 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ЗЛЕТОВСКИ РУДАР" – ПРОБИШТИП

1. За претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „Злетовски рудар" – Пробиштип се именуваат:
а) за претседател:
– Соња Накова, дипл. правник,
б) за членови:
– Ане Коцевски, електро-техничар,
– Верка Чанова, дипл. журналист.
Од редот на вработените на Домот:
– Томчо Василевски, машин. техничар – домаќин во Домот.

– Јовчо Симоновски, дипл. правник – секретар на Домот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1936/2
13 април 1999 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с. р.

817.

Врз основа на член 100 став 2 и член 35 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94 и 63/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1999 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „НИКОЛА ЈАНКО ВАПЦАРОВ" ДЕЛЧЕВО

1. За претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „Никола Јанко Вапцаров" – Делчево се именуваат:

а) за претседател:

– Војо Атанасов, вработен во Здравствениот дом – Делчево,

б) за членови:

– Јане Алексов, вработен во АД за телекомуникации „Македонски телекомуникции" во државна сопственост – Подружница Делчево

– Станко Стојановски, вработен во АД „Фротирка" – Делчево.

